***ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ***

**Предмет: Аграрна политика; 3+2+2; 6 (шест) кредити**

# ***БУЏЕТ, ИНСТРУМЕНТИ И МЕРКИ НА АГРАРНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

**Проф. д-р Драги Димитриевски**

# Мотивација

- ***Извори на финансирање на земјоделската политика***
  - Буџет на Република Македонија
  - Буџет на ЕУ – предпристапен фонд
  - Донации
  - Други извори согласно со Закон
- ***Инструменти на земјоделската политика***
- ***Мерки на земјоделската политика на РМ***
  - Мерки политиката за уредување и поддршка на пазарите со земјоделски производи
  - Мерки на политиката на директни плаќања
  - Мерки на политиката на рурален развој
  - Програми за мерките на земјоделската политика на РМ
    - **Мерки од програмата за финансиска поддршка**
    - **Мерки од програмата за рурален развој**
    - **Општи мерки за поддршка на развојот на земјоделството**

# Извори на финансирање на земјоделската политика на РМ

- ***Земјоделската политика се финансира од:***
  - Буџет на РМ
  - Буџет на ЕУ
  - Донации
  - Други извори согласно со Закон

# Финансирање на земјоделската политика на РМ од буџетот на РМ

## Вкупна буџетска поддршка на земјоделството во милиони евра и % на групи мерки



# Финансирање на земјоделската политика на РМ од буџетот на ЕУ

- IPA: Instrument for Pre-Accesing (IPA)
  - Компонента 5 - IPARD
- Почеток на користење на инструментот:
  - Програмски период (2007-2013), - ИПАРД 1;
  - Помошта се реализираше врз основа на Националната програма за земјоделство и рурален развој 2007–2013 (ИПАРД Програма) согласно регулативата 718/2007 од 2007, усвоена од страна на Комисијата на 19 декември 2007, во согласност со одлуката на комисијата ЕК (2008)677 од 25.02.2008

# Финансирање на земјоделската политика на РМ од буџетот на ЕУ

- ИПАРД-2 за период од 2014-2020
- Стратегијата, целите и мерките се насочени кон:
  - постигнување на одржлив развој на земјоделскиот сектор и руралните средини.
  - Крајна цел:
    - подготовка на земјоделскиот сектор за членство во ЕУ и со тоа од високо значење е унапредувањето на земјоделските стопанства и прехрамбените претпријатија за да ги исполнат стандардите за заштита на животната средина, хигиената, безбедноста на храната во ЕУ и благосостојбата на животните.
    - Затоа главна општата цел на ИПАРД програмата е да се подобри конкурентноста на земјоделските стопанства и прехранбената индустрија носејќи ги во согласност со стандардите на Европската Унија, и постигнување на одржлива животна средина и социо-економски развој на руралните средини преку поттикнување на економската активност и зголемување на можностите за вработување.

# Финансирање на земјоделската политика на РМ од буџетот на ЕУ

- Приоритети на ИПАРД:
  - Приоритетна оска 1: Подобрување на пазарната ефикасност и спроведување на стандардите на ЕУ.
  - Мерки кои се спроведуваат во оваа приоритетна оска:
    - Мерка 101 “Инвестиции во земјоделски стопанства за нивно реконструирање и достигнување на стандардите на Заедницата”, и
    - Мерка 103 “Инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи за реконструирање на тие активности и нивно надградување до стандардите на Заедницата”

# Финансирање на земјоделската политика на РМ од буџетот на ЕУ

- Приоритети на ИПАРД:
  - Приоритетна оска 3: Развој на рурална економија.
    Приоритетната оска 3 го става својот главен фокус на инвестирање во развој и диверзификација на економските активности во руралните средини, и помага на руралната популација во градењето на економски активности на и надвор од земјоделските стопанства, создавање на дополнителни извори на приходи и можности за работа.
  - Мерки:
    - • Мерка 302 “Диверзификација и развој на рурални економски активности”

# Финансирање на земјоделската политика на РМ од донации

- Република Македонија користи голем број програми за помош финансирани од донатори:
  - Светска банка
  - УСАИД
  - ФАО (Организација на Обединетите Нации за храна и земјоделство)
  - ИФАД (Меѓународен Фонд за Земјоделски Развој)
  - ГИЗ и КфВ - Германија
  - СИДА, Шведска
  - Турска Агенција за соработка и координација – ТИКА, Турција
  - УНИЦЕФ (Детски Фонд на Обединетите Нации)
  - Норвешка, Холандија, Јапонија ...

# Финансирање на земјоделската политика на РМ – останати извори согласно со Закон

- Средства кои се користат во функција на развојот на земјоделството и руралниот развој по основ на други домашни и меѓународни средства, за кои ќе се дефинира нивната употреба во Закони.

# Инструменти на земјоделската политика

- ***Инструменти на земјоделската политика претставуваат утврдени постапки или други институционални форми со кои се остваруваат активности за уредување на дејствијата кои се преземаат за остварување на целите на политиките.***
  - Консолидација – инструмент за уредување на земјоделското земјиште;
  - Земјоделски кредитен и дисконтен фонд (ЗКДФ) – инструмент за поддршка на инвестиции и откуп на земјоделски производи;
  - Гарантен фонд – инструмент за кредитирање на земјоделските стопанства;
  - ...

# Мерки на земјоделската политика на РМ

- ***Мерките на земјоделската политика претставуваат средства и постапки со кои се остваруваат целите на земјоделската политика***
- **Земјоделството е стопанска област со најголем број и разноликост на мерките;**
  - Проблем на поделба на мерките:
    - Различни пристапи во нивна поделба и групирање (Според влијание на поедини политики, според начинот на спроведување, според програмите за поддршка ...)

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки политиката за уредување и поддршка на пазарите со земјоделски производи***
  - интервенциски мерки;
    - интервентен откуп
    - поддршка за складирање
  - мерки за поттикнување на потрошувачка
    - поттикнување на потрошувачката насочена кон подобрување на квалитетот на исхраната на лица под 18 години, лица изложени на социјални ризици по здравјето и ризици од сиромаштија, вклучени во државниот образовен, здравствен и социјален систем
  - мерки за заштита на пазарот
    - пропишување на дополнителни увозни давачки над минимална ценана граница и
    - врзување на количини на увоз на одредени земјоделски производи сооткупот на земјоделски производи пр

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на директни плаќања***
  - **Директните плаќања се мерка за поддршка на доходот на земјоделските стопанства.**
- Се исплаќаат по:
  - површина земјоделско земјиште;
  - единица земјоделски производ;
  - грло добиток;

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на директни плаќања***
- Услови за користење на директните плаќања:
  - Воспоставени регистри и бази на податоци
    - ИСАК (Интегриран Систем на Администрација и Контрола);
  - **Вкрстена сообразност:** исполнување на задолжителни барања или услови поврзани со заштита на животната средина, здравјето на луѓето, животните и растенијата и благосостојба на животните, како и исполнување на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина пропишани согласно со закон

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на рурален развој***
  - Политиката за рурален развој се реализира за остварување на приоритетните цели за решавање на развојните состојби во руралните средини и за поттикнување на можностите и искористување на предностите за рурален развој.
  - Политиката за рурален развој се остварува преку мерки за:
    - зголемување на конкурентноста на земјоделскиот и на шумарскиот сектор;
    - заштита и унапредување на животната средина и руралните предели;
    - диверзификација на економските активности и зголемување на можностите за вработување во руралните средини;
    - подобрување на квалитетот на живот во руралните средини;
    - поттикнување на локален развој на рурални средини.

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на рурален развој***
- **I. Мерки за зголемување на конкурентноста на земјоделското производство:**
- ***1. Промовирање на знаење и унапредување на човечкиот потенцијал:*** обука и информирање на земјоделските производители, помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, помош за напуштање на вршење на земјоделска дејност и советодавни услуги за развој на земјоделството;
- ***2. Реструктуирање и развој на физичкиот потенцијал и промовирање на иновативни практики преку поддршка на инвестиции за:*** модернизација на земјоделските стопанства, зголемување на економската вредност на шумите, преработка и маркетинг на земјоделските производи и инфраструктура за создавање на предуслови за развој на земјоделството и заштита од природните непогоди

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на рурален развој***
- **I. Мерки за зголемување на конкурентноста на земјоделското производство:**
- ***3. подобрување на квалитетот на земјоделски производи преку поддршка на економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност заради:***
  - примена на заеднички производни практики за усогласување со
  - стандардите за квалитетот на земјоделските производи,
  - производство на земјоделски производи со повисок квалитет,
  - воспоставување на групи на производители и
  - организирање на информативни и промотивни активности заземјоделски производи.

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на рурален развој***
- **II. Мерки за унапредување и заштита на животната средина и руралните предели**
- ***1) одржлива употреба на земјоделско земјиште преку мерки за помош за:***
  - вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност,
  - вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување наживотната средина и
  - постигнување на стандарди за благосостојба на животните
- ***2) одржлива употреба на шумско земјиште преку мерки за помош за: - прво пошумување на земјоделско земјиште и неземјоделско земјиште,***
  - одгледување на шумите со примена на повисоки стандарди зазаштита на животната средина и
  - обновување на шумите и воведување на мерки за заштита нашумите.

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на рурален развој***
- **III. Мерки диверзификација на економските активности и зголемување на можностите за вработување во руралните средини**
- ***1. Диверзификација на економски активности се мерки за на економски активности на земјоделскостопанство вон земјодеподдршка на:***
  - диверзификација лска дејност,
  - поддршка за воспоставување и развој на микропретпријатија,поттикнување на иновативни практики и нови економски дејности во рурални средини и
  - поттикнување на развој на рурален туризам.
- ***2. Дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство***
  - дејност поврзана со земјоделството, односно шумарството, која се врши на земјоделски имот и овозможува подобра искористеност на неговите производни можности и работната сила на членовите на семејството.

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на рурален развој***
- **IV. Мерки за подобрување на квалитетот на живот во рурални средини**
- ***1. Воведување и развој на техничка и телекомуникациска инфраструктура, комунална инфраструктура, пазарна и социјална инфраструктура во руралните средини,***
- ***2. Обновување и развој на селата и***
- ***3. Зачувување и унапредување на природните и културнитезнаменитости и традиционалните вредности во руралните подрачја.***

# Мерки на земјоделската политика на РМ:
## Според влијание на поедини политики

- ***Мерки на политиката на рурален развој***
- **V. Мерки поттикнување на локален развој на рурални средини**
- ***реализација на стратегии за локален развој на рурални средини;***
- ***реализација на стратегии за рурален развој на единиците на локална самоуправа со седиште во рурална средина и***
- ***работата на локалната акциона група (ЛАГ) за развој на руралните средини и за вклучување на жителите на територијата на ЛАГ за развој на руралните средини***

# Програми за мерките на земјоделската политика на РМ

- ***Мерки од програмата за финансиска поддршка***
- ***Мерки од програмата за рурален развој***
- ***Општи мерки за поддршка на развојот на земјоделството***